


**ИНТЕРЕСНО ПАТУВАЊЕ НИЗ ГАЛИЛЕЈА**

**На патот што води од Тел Авив кон Назарет, Тиверијада и кон другите места од Галилеја тргнавме во утринските часови и поминавме низ многу интересни и живописни населени места, што предизвикуваат изненадување и восхит за секој посетител. Овие предели само до пред шеесетина години биле ненаселени, речиси пусти, а површините необработени**

Но, во последниве децении, на сметка на Тел Авив и на другите примор-ски градови, кои поради излезот на Средоземното Море се ограничени во просторното ширење, овде сé повеќе се гради, особено во Галилеја, каде се подигаат нови населби и урбани живеалишта.

Со ширењето на новите населби, државата настојува постепено да се ослободува од големиот прилив на населението во големите градови. На тоа се при-нудени, зашто во последните неколку години бројот на вкупното население во Из-ра-ел се зголемува со постојаното доселување на Евреи од другите земји, особено од државите на поранешниот Советски Сојуз.

Во исто време, паралелно со подигањето на нови-те населби се градат и нови фабрики и други преработувачки капацитети, со што ефи-ка-с-но се намалува бројот на невработените. Во првата година од доселувањето на дој-ден-ците им се обезбедува социјална помош, додека да се снајдат и да почнат сами да за-работуваат за живот. Социјална помош може да се добие преку обезбедување стан и извесен дел средства за храна, или, пак, добивање средства за обезбедување на сите по-треби за храна, а станот да си го обезбедат сами.



*Галилеја*

Меѓутоа, во последно време социјалната помош за новодојденците се зголемува, зашто повеќе примери од практиката покажу-ва-ат дека ниту едната ниту другата варијанта не се доволни за нормална живеачка спо-ред стандардите во државата каде што просечната месечна плата изнесува околу 1.500 УСА долари.

Освен тоа, на жителите во Израел им се обезбедува и бесплатно уче-ње на хебрејскиот јазик и на други странски јазици, а им се овозможува и бесплат-на стручна обука преку разни курсеви, со што новодојденците постануваат квалифи-ку-вани и ко-ри-с-ни и за себе и за државата.

Нашиот престој беше организиран преку патничката агенција АД „Компас“ – Скоп-је, која се потруди да имаме пријатен престој и да се запознаеме со голем број кул-турно-историски споменици. Така, на пат за Назарет поминавме долж средоземноморскиот брег, каде речиси на средината од патот, меѓу Тел Авив и Хаифа, се наоѓа исто-ри-ското место Кесарија, град со големо пристаниште. Него го изградил Ирод Велики и го нарекол според царот (кесарот) Август. Таму било престојувалиштето на римската вој-ска и седиште на римскиот управител.

На 30-тина километри северно од Кесарија, пак, се протега градот Хаифа, што е смес-тен на падините на планината Кармел, на брегот на Средоземното море. Со овој град е тесно поврзана еврејската историја, особено на оние Евреи кои по нивното при-стиг-нување во Хаифа, биле вратени назад во Европа, а притоа многумина се удавиле во мо-рето. За христијаните Хаифа претставува важен град бидејќи во него се наоѓа пештерата на све-ти Илија. Хаифа претставува голем трговски град и пристаниште во кој се наоѓа познатиот Тех-нички институт за наука и технологија.

Посебна живописност на Галилеја и, воопшто, на Израел му дава реката Јордан. Таа извира од планината Хермон, минува низ Галилејското Езеро, потоа тече низ цели-от простор по должината на границата меѓу Израел и Јордан и се влева во Мртвото Мо-ре. Старите историски податоци говорат дека Галилејското Езеро, всушност, неко-гаш било проширување на коритото на реката Јордан која тече околу 220 километри од Гали-леј-ското Езеро до Мртвото Море.



*Планината Хермон*

Тоа било со солена вода, затоа и во многу документи и во библиските преданија се споменува како Галилејско, Генисаредско Море, кое е на 215 метри под нултата надморска височина. Во новозаветното време се нарекувало уште и Јан Кинерет. Но, со протекувањето на реката Јордан низ него, водата постепено се от-солувала, така што денес неговите слатки води имаат големо значење.

Северниот дел на Галилеја на хебрејски уште се нарекува и Галил, а поголеми гра-дови се Назарет и Тиверијада. Тие се градски центри што имаат важна улога во раз-во-јот на туризмот, преработувачката индустрија и, воопшто, во развојот на стопанство-то на Галилеја и на Израел.

Назарет се вишнее над долината со црвената земја, Шарон, која се споменува и во библиско време. И не случајно овој дел изобилува со многу библиски места, кои според преданијата во одреден период биле пространи мочуришта. Но, денес со досе-лу-вањето на новите жители, овие мочуришта се пресушени и сега на нив се протегаат план-тажи со портокали, со авокадо, со ореви и слично.

Населбата Хедера претставува најдо-бар пример за исушувањето на мочуриштето. Овде, првите доселеници умреле од ма-ла-рија. Но, упорноста да се опстои и во овие простори ги натерала другите што се досе-лу-вале да ги дупчат површините за да може застоената вода да понира или да истеку-ва кон морската површина.

Сепак, водата морало да остане незагадена и затоа на мочу-риш-тето почнале да се засадуваат еукалиптуси, што во Израел се пренесени од Австра-лија. Тоа се дрва со големи корени кои многу брзо ја апсорбираат мочурливата вода. Де-нес, во овој регион постојат цели плантажи со еукалиптуси, врз чија суровинска база се подигнати и фабриките за производство на хартија и за лековити билки.

Листот од еукалиптусот се ко-ристи за разни лековити напивки и чаеви, а кората од дрвото се користи за правење квалитетна хартија.    Создавањето на плодни ораници овозможува овде да се подигнат и најголемите план-та-жи со памук. Тоа производство денес е унапредено до тој степен што се произведува памук во боја: како на пример, кафеав или зелен памук

Во текот на патувањето се запознав-ме и посетивме и арапски села, населени со Палестинци. Евреите нив ги нарекуваат Ара-пи, бидејќи тие се доселени тука од пред 1948 година. Палестинците, пак, во автономните територии не се израелски државјани, за разлика од Арапите кои се др-жав-јани на Израел и се прифатени и интегрирани во тамошното општество.

Тие ги има-ат сите привилегии како и другите Израелци, со исклучок на тоа што младите Арапи не служат воен рок во израелската армија. Меѓутоа, помладите генерации во Израел веќе упатуваат забелешка со барање и тие како сите млади Евреи, вклучувајќи ги и Бедуи-ни-те, да служат воен рок, момчињата три години, а девојките две години.

***Продолжува***



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**